**20182414551**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

☐Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на ден 25 декември 2018 година донесе

**ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Во Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16, 80/17, 172/17, 197/17 и 115/18), членот 135, се менува и гласи:

"Член 135

(1) Прилог 3, Методологија за пресметка на активирана балансна енергија и Прилог 4, Методологија за пресметка на порамнување на отстапувања на балансно одговорните страни, ќе се применуваат од 1 април 2019 година.

(2) Во периодот од 1 јануари 2019 година до 31 март 2019 година, ОПЕЕ е должен, по претходно добивање на податоци од ОЕПС и ОДС, да врши пресметка на надоместокот за отстапувањата и истите да ги доставува до балансно одговорните страни.

(3) Од 1 април 2019 година нема да се применува Прилог 1, Методологија за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување."

Член 2

Овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија влегуваат во сила со денот на донесување, а се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-2456/1
25 декември 2018 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.